Архивски број: 08-273/2
14.03.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-273/1 од 04.03.2025 година, поднесена од [redacted] од Битола, за извршена дискриминација врз основа на образование, политичко уверување, друго уверување и друга основа во областа на работа и работни односи, од страна на Јавна здравствена установа Клиничка болница Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Закон за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**За отфрлање поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-273/1 од 04.03.2025 година, поднесена од [redacted] од Битола, против Јавна здравствена установа Клиничка болница Битола врз основа на образование, политичко уверување, друго уверување и друга основа во областа на работата и работните односи, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 04.03.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: "**Комисијата**") поднесена е претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Битола, заведена под број 08-273/1 против Јавна здравствена установа Клиничка болница Битола, за сторена дискриминација врз основа на образование, политичко уверување, друго уверување и друга основа во областа на работата и работните односи.

Во согласност со член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *"претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот."*

Од увидот во соржината на претставката, Комисијата ја утврди потребата истата да биде вратена на подносителката на доуредување во согласност со член 24 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, а заради доставување на податоци неопходни за правилно утврдување на фактичката состојба. Воедно беше констатирано дека истото не може да биде сторено со оглед да во претставката недостасуваат основни податоци за уредна, службена комуникација со

подносителката, и тоа – од страна на подносителката наведена е адреса на живеење, но не е наведен бројот, не е наведена електронска адреса како алтернативна можност за службена комуникација, ниту телефонски број на именуваната.

Врз основа на сето погоренаведено, Комисијата не беше во можност да ги прибави потребните податоци заради соодветно постапување по претставката, па со оглед на истото, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
12.03.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД